## ЗА РОДИТЕЛИТЕ

**Што е летната 4 дневна работилница за креативно пишување?**
Во партнерство со американската амбасада и американските катчиња, Writers in the Schools - WITS (Писателите во училиштата) ја постави познатата поетеса Мерили Канингам како гостин писател во трите катчиња. WITS програмата го надополнува теоретското изучување на јазикот на две нивоа: теоретско збогатување и личен развој.

**Повеќе информации за Writers in the Schools**
Ве молиме посетете ја нивната веб страна: http://www.witshouston.org/. Истотака може да ви се допадне и блогот на WITS: http://witsblog.org/ .

**Што ќе прави моето дете во текот на оваа програма?**
Вашето дете ќе работи со писателката 4 дена, секој ден по два часа во американското катче. Писателката исто така ќе има помошник наставник. Таа ќе донесе приказни и песни од различни земји, поттикнувајќи го Вашето дете креативно да пишува од своја лична перспектива. Дури и најскептичните писатели добро се вклопуваат во оваа програма бидејќи учат да ја контролираат моќта на својата фантазија. Иако Вашето дете треба да има основни познавања од англискиот јазик, тоа ќе пишува на својот мајчин јазик.

**Зошто е креативното пишување толку важно?**
Истражувањата покажуваат дека вклученоста во уметностите е поврзана со:

- Подобри академски резултати
- Повеќе општествено полезна работа
- Помала стапка на отпишувања од школо

Добрите вештини за пишување не само што му помагаат на Вашето дете да брилира на часовите по јазик, туку и кога вештините за пишување се подобруваат, исто така се подобруваат и сите други предмети.

**Сакате повеќе да сторите?**
Бидејќи учењето започнува од дома, еве Ви неколку предлози кои ќе го поттикнат Вашето дете да продолжи да чита и пишува по стекнувањето на WITS искуството. Можете да му читате на глас на дете од било која возраст. Истотака Вашето дете може да:

- Напише ода, песна посветена на нејзината/неговата омилена личност, место или предмет
- Дизајнира и напише стрип
- Направи фамилијарно дрво и да напише смешна приказна за секој од своите роднини
- Напише писмо до авторот на својата омилена книга и да го испрати до издавачот
- Постави цел за бројот на книги кои сака да ги прочита за еден месец
- Имајте го списокот на книги и наградете го Вашето дете кога ќе го заврши и
- Да ја напише биографијата на својот најдобар пријател